РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-970/6
27-08-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 09-2790/1 од 07.11.2024 година, оформен по пријава за утврдување на состојба на судир на интереси против службените лица ------ и -------, вработени во ЈП -----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК по проверка на фактичката состојба, не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои се однесуваат на постоење судир на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-2790/1 од 07.11.2024 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси кај службените лица -------- и -----------, вработени во ------------, кои според пријавителите, спротивно на членовите 39 и 40 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси биле распределени со овластување во време на изборна кампања од страна на директорот на ---------. Понатаму, во пријавата има наводи дека лицето ---------- со Решение за внатрешен ревизор, спротивно на член 20 од Законот за внатрешна ревизија, со овластување била распределена на работно место раководител на сектор финансии, сметководство и комерција и потпишувала официјални документи кои подлежат на внатрешна и надворешна ревизија, што според пријавителот претставува класичен судир на интереси.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до --------- и врз основа на прибавената документација се утврди следново:
Јавните службеници ---------- и -----------, се во редовен работен однос во ----------- на неопределено време.
Лицето ----------- со Решение за унапредување на јавен службеник со арх. бр. 0401-7511/11 од 25.11.2024 година била распоредена на работно место Раководител на одделение за комуникациски технологии во Одделението за комуникациски технологии, во Сектор за ИТ и развој. Претходно наведеното лице, распределена како советник внатрешен – ревизор, со Овластување бр. 0302-6733/1 од 27.09.2024 година, било овластено да врши работи и работни задачи од работно место Раководител на Сектор финансии, сметководство и комерција. Ова овластување било дадено за период од два месеци. Додека лицето ---------- била распределена со овластување на работно место Раководител на Сектор финансии, сметководство и комерција не извршила, изготвила, одобрувала, контролирала, ниту на било кој начин учествувала во подготовка на ревизорски извештаи.
Понатаму, лицето ---------- со Решение за распоредување на јавен службеник арх.бр. 04/3-978 од 27.09.2024 година е распореден на работно место виш соработник - координатор во Одделението за контрола на корисници во Сектор наплата. Во согласност со член 34 став 2 од Законот за вработени во јавен сектор, наведеното лице покрај работите и работните задачи на кое било распределено со Овластување со бр. 0302-6735/1 од 27.09.2024 година, била задолжена да врши работни задачи од работното место виш соработник за финансии, во Одделението за финансиско планирање и анализа, во Сектор финансии, сметководство и комерција.
По разгледување на добиената документација, ДКСК констатира дека опишаните дејства (доделени овластувања за јавните службеници ------- и ---------) се извршени по донесувањето на Одлуката за формирање на Владата на РСМ, на седница на Собранието на РСМ, одржана на ден 23.06.2024 година, а по која Одлука престануваат да важат забраните утврдени во член 8-а од Изборниот законик.
Понатаму, доставено е и дополнително барање до --------- со цел да се утврди дали лицето ---------, вработена во ---------- на работно место советник – внатрешен ревизор, додека вршела работни задачи со дадено Овластување бр. 0302-6733/1 од 27.09.2024 година на работно место раководител на Сектор на финансии, сметководство и комеција, извршила ревизија врз акти за кои согласно наведеното овластување била должна да ги изготви/одобри/контролира, или на било кој начин учествувала во носење на истите акти. Во одговорот доставен од --------- е наведено дека ------- ниту извршила, изготвила, одобрувала, контролирала или на било кој начин учествувала во подготовка на ревизорски извештаи по дадено Овластување бр. 0302-6733/1 од

27.09.2024 година на работно место Раководител на Сектор на финансии, сметководство и комерција.

Имено, по барање на ДКСК извршен е и вондреден инспекциски надзор од страна на Државен управен инспекторат во ----------, над постапката за унапредување на лицето ---------- на работно место раководител на одделение за комуникациски технологии во Одделението за комуникациски технологии, во Сектор за ИТ и развој, како и на претходно споменатите овластувања на лицата --------- и ----------, со цел утврдување дали гореспоменатите постапки се водени согласно важечките прописи. По спроведениот вонреден надзор од страна на Државниот управен инспекторат доставен е Записник со бр. Ип1 бр.10-598 од 14.05.2025 година со кој не се утврдени никакви неправилности во работење на субјектот на надзор, по што инспекциската постапка е запрена.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. - член на ДКСК